Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по изборниот наставен предмет **Економија** за **IV (четврта) година** на гимназиското образование за учебната 2020/21 година.

## 1. ВОВЕД

Скратената наставна програма по изборниот наставен предмет **Економија** за **IV (четврта) година** на гимназиското образование за учебната 2020/21 година се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со неделен фонд од 3 часа се предвидуваат 87 часа во скратената наставна програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ТЕМИ И НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ

Тема 1: **Вовед во економската наука** (6 часа)

Наставни единици:

- Економија како наука: дефиниција, концепти, методологија
- Основни принципи на економското размислување

Тема 2: **Основни елементи на побарувачката и понудата** (6 часа)

Наставни единици:

- Побарувачка и факторите коишто ја условуваат
- Крива на побарувачката
- Понуда и факторите коишто ја условуваат
- Крива на понудата

Тема 3: **Основи на теоријата за производство** (6 часа)

Наставни единици:

- Организација на производството - форми на бизнис организации
- Производна функција
- Фактори на производство

Тема 4: **Анализа на трошоците** (6 часа)

Наставни единици:

- Поим и значење на трошоците
- Видови трошоци
- Врската меѓу приходите, добивката и трошоците

Тема 5: **Пазарна структура** (4 часа)

Наставни единици:

- Поим и видови на пазарни структури
- Совршена конкуренција и непотполна конкуренција
- Монопол и бариери за влез

Тема 6: **Фактори на производство и нивно пазарно вредување** (6 часа)

Наставни единици:

- Цена и доход на факторите на производство
- Побарувачка на факторите на производство
- Маргиналната продуктивност на  факторите на производство
- Врската меѓу приходите и претприемништвото

Тема 7: **Наемнини и пазар на труд** (4 часа)

Наставни единици:

- Поим и видови на наемнина
- Пазар на труд
- Понуда и побарувачка на пазарот на трудот

Тема 8: **Регулација и дерегулација на стопанските сектори** (4 часа)

Наставни единици:

- Поим и значење на државната регулација
- Приватизација (дерегулацијата)

Тема 9: **Основни макроекономски поими** (8 часа)

Наставни единици:

- Макроекономија
- Основни макроекономски политики
- Агрегатна побарувачка и агрегатна понуда
- Макроекономска рамнотежа

Тема 10: **Национален производ и доход** (9 часа)

Наставни единици:

- Дрефинирање на бруто националниот производ
- Пресметка на бруто националниот производ
- Номинален, реален, фактички и потенцијален бруто национален производ

Тема 11: **Невработеност и инфлација** (10 часа)

Наставни единици:

- Поим, видови и причини за невработеност
- Поим, суштина и мерење на инфлацијата
- Односите меѓу ингфлацијата и невработеноста - Филипсова крива на кус и долг рок

Тема 12: **Држава и стопанство** (9 часа)

Наставни единици:

- Економски теории за улога на државата
- Фискална политика (јавни приходи, јавни расходи и буџет)
- Монетарна политика

Тема 13: **Меѓународна економија** (9 часа)

Наставни единици:

- Поим, основни карактеристики и облици на меѓународнта економија
- Протекционизмот и слободната трговија
- Девизен курс

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните единици во скратената наставна програма по изборниот наставен предмет Економија за IV (четврта) година на гимназиското образование за учебната 2020/21 година го даваат текот на реализацијата на наставниот материјал. Според потребите, наставниците самите го распределуваат предвидениот скратен фонд на часови наменет за новите содржини, за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање, истражување, реализација на проекти, организирање настани и сл.

Во процесот на поучување наставникот треба да применува методи и форми на активна настава. При разработка на новата наставна единица, наставникот треба постојано да ги вклучува учениците во текот на часот преку прашања и одговори, искажување на ставови, дискусии и сл. Со техниките на учење што ќе ги применува наставникот ќе се овозможи развивање на критичкото размислување кај учениците, способноста за самостојно истражување, анализирање и решавање на проблеми.

Следењето на постигањата на учениците наставникот индивидуално го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во учењето.

Заради постигнување на целите од редовната наставна програма по наставниот предмет Економија планирано е примена на различни наставни средства и помагала: учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење, компјутерска и мултимедијална опрема, ЛЦД проектор, аудио-визуелни наставни средства, Интернет, образовни софтвери, дигитални содржини, образовни платформи, апликации и др. согласно условите и можностите на училиштето.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по изборниот наставен предмет **Економија** за **IV (четврта) година** на гимназиското образование за учебната 2020/21 година ја утврди

| | |
|---|---|
| Рег.бр12-8424/86 | Министер за образование и наука, |
| 16-9-2020 г. | Мила Царовска |